| | | |
|---|---|---|
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска<br>и наставници од Катедрата за болести на устатата и пародонтот |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Освоени кредити од Анатомија и физиологија на џвакален систем, Орална хистологија и физиологија<br>Потпис од предметот Реконструктивни дентални процедури |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Со завршување и полагање на предметот студентот треба да се стекне со продлабочени познавања за макроскопските и микроскопските карактеристики на пародонталните ткива,со акцент на маргиналниот пародонциум, биолошката широчина и биолошката зона. Студентот ќе стекне основни познавања за пародонтолната болест, причините за настанок и факторите кои влијаат врз текот на болеста и соодносот помеѓу протетските надоместоци и пародонтот. Исто така студентите ќе стекне основни познавања за морфите на оралната лигавица а ќе се запознае со најчестите инфекции кои настануваат кај носители на мобилни протетички надоместоци, протетички стоматит, габични инфекции во оралната празнина како и лезии предизвикани од несоодветни протетски надоместоци. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава:<br>1. Поглавје<br>Вовед во пародонтологија ................................................ 2 часа<br>Маргинален пародонт-гингива макроскопски и микроскопски карактеристики ................................................................ 2 часа<br>Макроскопски и микроскопски карактеристики на периодонциум, цемент и алвеоларна коска ..................... 2 часа<br>Биолошка широчина, биолошка зона на пародонтот и фиксни протетски надоместоци .................................................... 2 часа<br>Дентални биофилмови, како причина за пародонтопатија 2 часа<br>Класификација и клиничка слика на хронична пародонтопатија ........................................................................................ 2 часа<br>Потреба од пародонтолошки третман пред протетичка рехабилитација ...................................................................... 3 часа<br>*Резултати од прво поглавје: Студентот треба да се стекне со продлабочени познавања за макроскопските и микроскопските карактеристики на пародонталните ткива,со акцент на маргиналниот пародонциум, биолошката широчина и биолошката зона.*<br>2. поглавје<br>Оклузални сили и пародонтот ........................................... 2 часа<br>Соодност помеѓу фиксни протетички надиоместоци и пародонтот ........................................................................................ 2 часа<br>Соодност помеѓу мобилни протетички надиоместоци и пародонтот ........................................................................................ 2 часа<br>Превенција на пародонтопатија и одржување на орална хигиена кај пациенти со протетички надоместоци .......................... 2 часа<br>Градба на оралната лигавици, најчести морфи на оралната лигавица и трауматска улцера ............................................. 2 часа<br>Протетики стоматит ........................................................... 3 часа<br>Габични и вирусни инфекции кај пациенти со протетички надоместоци ........................................................................ 2 часа<br>*Резултати од второ поглавје: Студентот ќе стекне основни познавања за пародонтолната болест, причините за настанок и* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *факторите кои влијаат врз текот на болеста и соодносот помеѓу протетските надоместоци и пародонтот. Исто така студентите ќе стекне основни познавања за морфите на оралната лигавица а ќе се запознае со најчестите инфекции кои настануваат кај носители на мобилни протетички надоместоци.*<br>***Вкупно ................................................................... 30 часа***<br><br>*Вежби*:<br>*Вовед во пародонтологија, пародонциум, маргинален пародонциум ....................................................................... 1 час*<br>*Гингивален сулкус, дентогингивална унија ................... 2 часа*<br>*Периодонциум .................................................................. 2 часа*<br>*Цемент и алвеоларна коска ............................................... 2 часа*<br>*Дентален плак, биофилм и протетички изработки ......... 2 часа*<br>*Влијание на мастикаторните сили врз потпорниот апарат на забот ........................................................................................ 2 часа*<br>*Соодност помеѓу мобилни протетички изработки и пародонтот ............................................................................................ 2 часа*<br>*Соодност помеѓу фиксни протетички изработки и пародонтот ............................................................................................ 2 часа*<br>***Вкупно ................................................................. 15 часа*** | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Анатомија и физиологија на џвакален систем<br>Технологија на мобилни протези – парцијална протеза, Технологија на фиксни протези – мостови, Стоматолошка керамика 1 и 2, Комплексни протези | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Предавања и практични вежби со модели | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 120 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 15 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 75 |
| 18 | Услови за потпис | Редовна посета на предавања 60%, вежби активност на истите | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови (2 теста по 20 бода) | 40 | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ќиро Ивановски | Пародонтологија за стручни забни техничари | Стоматолошки факултет | 2019 |
| | | 2. | Ќиро Ивановски | Пакет материјали за вежби по предметот Пародонтологија за стручни забни техничари | Стоматолошки факултет | 2012 |
| | | 3. | Поповска, Атанасовска Стојановска | Орална медицина и патологија | Стоматолошки факултет | Скопје 2013 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |

Ред. број: 27

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Дигитална технологија во ортодонтската техника и пракса | | | |
| 2. | Код | СЗТИДТ2 | | | |
| 3. | Студиска програма | Стручни забни техничари | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје,<br>Катедра за ортодонција | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 2 | семестар | 4 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 3 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Ирена Гавриловиќ<br>и наставници од Катедрата за ортодонција | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од втора година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот да го разбере значењето на примена на дигитална технологија во ортодонцијата. Скенирање во усната празнина и CAD/CAM технологија во примена на позиционирање на брекети. | | | |